# ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ ЕВРОПСКАТА УНИЈА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ

**Сл. Весник на Р.Македонија бр. 36/97 од 25.07.1997 година**

## Член 1

Република Македонија се задолжува кај Европската унија со заем во износ од 40 милиони ЕКУ, наменет за поддршка на платниот биланс на Републиката.

## Член 2

Заемот од член 1 на овој закон се одобрува во две транши, од кои првата транша е во износ од 25 милиони ЕКУ.

## Член 3

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на овој закон ќе се утврдат со Договор за заем кој што ќе се склучи меѓу Република Македонија и Европската унија.

## Член 4

Рокот на отплата на заемот од член 1 на овој закон е 15 години со грејс период од десет години.

Каматата која ќе се плаќа на заемот ќе биде најмногу ЛИБОР плус 0,5%, кој ќе се пресметува шестмесечно.

Главнината на заемот ќе се отплатува годишно, а каматата ќе се отплатува во полугодишни рати.

За ненавремено отплатување на заемот ќе се плаќа казнена камата во износ од еден процент над стапката од став 2 на овој член.

## Член 5

Република Македонија заемот од член 1 на овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.